

Случайна среща с туристи в Пирин. Правият вляво — Никола Парапунов. Седналият с брадата — Костадин Лагадинов

## Костадин Лагадинов

Костадин Лагадинов – Петар (11. IV 1913 – 29. X 2011) е учесник во НОД во Пиринскиот дел на Македонија, генерал-мајор. Во 1933 година осуден на 12,5 години затвор, но наредната година емигрирал во СССР. Под псевдонимот Петар Стефанов Врзанов-Македончето, завршил високи воени школи. Во август 1941 година се вратил во Бугарија и од октомври бил партизан во Разлошко, командир во Разлошкиот п.о. „Јане Сандански“ и „Никола Парапунов“. Прв командант на Разлог по 9. X 1944 година. Повеќепати бил одликуван.

Костадин Атанасов Лагадинов е роден на 11 април 1913 година во градот Мехомија (Разлог). Завршил солунска гимназија „Св. Свети Кирил и Методиј“ во Горна Џумаја (Благоевград). Потоа студирал право на Софискиот универзитет. Одморот го поминувал во Разлог каде се поврзал со Никола Парапунов и започнал со растурање на социјалистичка литература. Во 1932 година станал член на Бугарскиот комунистички младински сојуз, а во 1941 година - на Бугарската комунистичка партија.

На 1 април 1932 година, откако видел дека полицијата ја опколила неговата куќа, преминал  во илегала. Наредната 1933 година тој бил осуден во отсуство на 12,5 години затвор за политичка активност според Законот за заштита на државата. Имено во Разлог им се судело на македонските револуционери Никола Парапунов, Крсто Стојчев, Костадин Лагадинов и на припадници на ВМРО (обединета)

Во 1934 година, Костадин емигрирал во СССР, каде под псевдонимот Петар Стефанов Врзанов - Македончето, завршил високи воени школи (тенковска и падобранска). Служел во Првиот механизиран тенковски полк на Црвената армија.

На 5 август 1937 година Костадин бил уапсен од НКВД и испитуван во затворите Лубјанка и Бутирка. Тој бил обвинет за шпионажа и учество во обид за организирање на атентат против Сталин. Потоа бил осуден на 8 години затвор и затворен во логорот во Коми. Ослободен бил во средината на јуни 1941 година со лично извинување од Лаврентиј Берија, раководител на советската тајна служба и на безбедносните служби во времето на Сталин.

За време на Втората светска војна бил вклучен во групата на подморничари. На 11 август 1941 година, со групата на Цвјатко Радојнов се истоварил од подморницата „Шт - 211“ на бугарското крајбрежје до устието на Камчија. Пеш стигнал до Разлог и станал партизан заедно со татко му Атанас, браќата Асен и Борис и сестрата Елена Лагадинова во партизанскиот одред „Никола Парапунов“, кој во Пиринска Македонија најрано го кренал гласот за ослободување и обединување на Македонија,  Во 1943 - 1944 година Костадин бил помошник командант на одредот, а по 9. X 1944 година бил прв командант на Разлог.

По 9-септемврискиот пуч во 1944 година, Костадин го завршил своето образование по право на Софискиот универзитет. Служел во Бугарската народна армија и повеќепати бил одликуван. До чин генерал-мајор стигнал во 1969 година. Во доцните 1960-ти бил началник на воено-судски оддел. Воен адвокат, претседател на Софискиот воен суд. Повеќепати бил одликуван, но е разрешен по обелоденувањето на заговорот на Иван Тодоров-Горуња против Тодор Живков.

Костадин Лагадинов, починал на 29 октомври 2011 година во Софија.